**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 јануари 2025 година

## Соопштение за печатот

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: декември 2024 година

– Во декември 2024 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити изнесува 5,30% и оствари месечен и годишен пад од 0,06 п.п. и 0,17 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити бележи месечен и годишен раст од 0,05 п.п. и 0,38 п.п., соодветно и изнесува 2,17%.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2], овој месец, е пониска за 0,40 п.п. и 0,79 п.п., соодветно, на месечна и на годишна основа и изнесува 4,42%. Просечната каматна стапка на новопримените депозити изнесува 2,78% и забележа месечно намалување од 0,02 п.п., додека на годишно ниво се зголеми за 0,41 п.п.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 12.2023 | 1.2024 | 2.2024 | 3.2024 | 4.2024 | 5.2024 | 6.2024 | 7.2024 | 8.2024 | 9.2024 | 10.2024 | 11.2024 | 12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.47** | **5.55** | **5.52** | **5.50** | **5.51** | **5.49** | **5.47** | **5.46** | **5.44** | **5.41** | **5.38** | **5.36** | **5.30** |
| Корпоративен сектор | 5.33 | 5.44 | 5.40 | 5.35 | 5.35 | 5.31 | 5.26 | 5.23 | 5.20 | 5.15 | 5.09 | 5.05 | 4.96 |
| Домаќинства | 5.59 | 5.65 | 5.64 | 5.65 | 5.65 | 5.65 | 5.66 | 5.67 | 5.66 | 5.66 | 5.66 | 5.66 | 5.63 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.21** | **5.22** | **5.35** | **4.98** | **5.47** | **5.19** | **5.08** | **5.12** | **5.04** | **4.98** | **4.81** | **4.82** | **4.42** |
| Корпоративен сектор | 5.30 | 5.21 | 5.25 | 4.73 | 5.57 | 5.16 | 4.95 | 4.96 | 4.90 | 4.78 | 4.65 | 4.68 | 4.39 |
| Домаќинства | 5.02 | 5.26 | 5.45 | 5.40 | 5.33 | 5.26 | 5.29 | 5.34 | 5.28 | 5.27 | 5.17 | 5.03 | 4.47 |
| **Вкупни депозити** | **1.79** | **1.72** | **1.76** | **1.80** | **1.82** | **1.86** | **1.88** | **1.93** | **1.96** | **2.01** | **2.07** | **2.12** | **2.17** |
| Корпоративен сектор | 2.06 | 2.07 | 2.08 | 2.12 | 2.11 | 2.21 | 2.25 | 2.28 | 2.20 | 2.34 | 2.42 | 2.68 | 2.69 |
| Домаќинства | 1.76 | 1.69 | 1.73 | 1.76 | 1.79 | 1.81 | 1.84 | 1.89 | 1.93 | 1.97 | 2.02 | 2.05 | 2.10 |
| **Новопримени депозити** | **2.37** | **2.22** | **2.31** | **2.46** | **2.54** | **2.36** | **2.52** | **2.76** | **2.43** | **2.60** | **2.84** | **2.80** | **2.78** |
| Корпоративен сектор | 2.19 | 2.02 | 2.19 | 2.52 | 2.61 | 2.38 | 2.39 | 3.03 | 1.99 | 2.14 | 2.75 | 2.43 | 2.59 |
| Домаќинства | 2.42 | 2.30 | 2.35 | 2.42 | 2.52 | 2.36 | 2.55 | 2.68 | 2.76 | 2.79 | 2.89 | 2.88 | 2.83 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка“ се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[3]

– Овој месец, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор на месечно ниво е пониска за 0,09 п.п. и изнесува 4,96%. Притоа, намалувањето се должи на падот на сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,09 п.п., соодветно) и каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,08 п.п.). Во споредба со декември претходната година, оваа каматна стапка е пониска за 0,37 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Во декември 2024 година, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 4,39% и на месечна основа се намали за 0,29 п.п. Надолната промена е резултат на намалувањето на каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,42 п.п.), додека каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула и кредитите во странска валута се зголемени (за 0,34 п.п. и 0,23 п.п., соодветно). Анализирано на годишно ниво, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор оствари пад од 0,91 п.п.







Извор: НБРСМ.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, овој месец, е повисока за 0,01 п.п. и изнесува 2,69%. Анализирано според валутната структура, месечната промена е резултат на растот на каматните стапки на денарските депозити без и со валутна клаузула (за 0,05 п.п. и 0,03 п.п., соодветно), во услови на пад на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,07 п.п.). Споредено на годишно ниво, оваа каматна стапка е повисока за 0,63 п.п.

– Во декември, каматната стапка на новопримените депозити[4] на корпоративниот сектор изнесува 2,59% и на месечно ниво е зголемена за 0,16 п.п. Растот е резултат на зголемувањето на каматните стапки на депозитите во странска валута и на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,17 п.п. и 0,14 п.п., соодветно), додека каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула се непроменети. Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новопримените депозити на корпоративниот сектор е зголемена за 0,40 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[5]







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата бележи месечен пад од 0,03 п.п. и изнесува 5,63%. Месечниот пад се должи на намалените каматни стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,04 п.п. и 0,01 п.п., соодветно), во услови на непроменети каматни стапки на кредитите во странска валута. Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, во споредба со истиот месец претходната година, бележи зголемување од 0,04 п.п.

[4] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[5] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

- Во декември, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 4,47% и на месечно ниво е пониска за 0,56 п.п. Притоа, намалувањето е резултат на падот на сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,74 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,33 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,13 п.п.). На годишно ниво, каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е намалена за 0,55 п.п.







Извор: НБРСМ.

- Каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата, овој месец, изнесува 2,10% и на месечно ниво е зголемена за 0,05 п.п. Растот на месечна основа се должи на зголемувањето на сите компоненти: каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,07 п.п.), каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,04 п.п.) и каматните стапки на депозитите со валутна клаузула (за 0,03 п.п.). На годишно ниво, оваа каматна стапка е зголемена за 0,34 п.п.

- Во декември, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[6] е намалена за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,83%. Падот на месечна основа се должи на намалените каматни стапки на депозитите во странска валута (за 0,16 п.п.) и на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Притоа, овој месец банките и штедилниците не евидентирале новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата се зголеми за 0,41 п.п. на годишна основа.

***

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 28 февруари 2025 година (референтен пресек заклучно со јануари 2025 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.